17 СЕПТЕМВРИ 1999 Вечер

### ЈАВНО ОБРАЌАЊЕ НА СОВЕТОТ НА АСОЦИЈАЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ДО МИНИСТЕРОТ ДИМИТАР ДИМИТРОВ

# КАТЕГОРИЧНО ПРОТИВ ОБИДИТЕ ЗА БУГАРИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Советот на асоцијациите од областа на културата (ДЛУМ, ДФРМ, ДПМ и СОКОМ), со соопштение до медиумите, јавно му се обраќа на министерот на култура Димитар Димитров, за да му ги соопшти своите ставови за состојбите во културата. На ваков вид обраќање, како што се вели во соопштението потпишано од претседателот, сликарот Владимир Георгиевски, Советот се решил заради неможност да контактира со министерот „и покрај повеќето обиди за воспоставување средба и директна комуникација со него".

Во обраќањето најпрво Советот реагира на драстичното намалување на финансирањето на овие творечки-асоцијации и смета дека со тоа „всушност се преземаат чекори кои го ставаат творецот во уште понезавидна состојба, односно дека министерот и Министерството за култура ја покажаа својата незаинтересираност за понатамошно постоење и делување на овие творечки асоцијации".

„Советот на асоцијациите од областа на културата, без никакви дилеми е категорично против сѐ позачестените обиди за бугаризација на македонската култура, за жал, во најчест случај поддржувани и иницирани токму од актуелниот министер за култура. Во оваа насока Советот искажува безрезервна поддршка на Декларацијата на македонскиот ПЕН центар за состојбите во културата, како и на сите заложби на поединци и асоцијации на творци, за зачувување и надградување на автохтоните вредности во македонската култура – се вели во соопштението.

> ● *ЗА ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА СВОИТЕ СТАВОВИ ЗА СОВЕТОТ СЕ РЕШИЛ ЗАРАДИ НЕМОЖНОСТ, И ПОКРАЈ ПОВЕЌЕТО ОБИДИ, ДА КОНТАКТИРА СО МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА*

Во своето обраќање Советот потсетува дека една од основните цели за неговото формирање беше и покренувањето на иницијативи за формирање на национални институции, како на пример, Национална галерија.

„И по осум години од осамостојувањето на Македонија, за жал, сѐ уште сме држава без Национална галерија. Ги поздравуваме обидите кои доаѓаат од Уметничката галерија за пополнување на оваа културна празнина во нашата средина со иницијативата за национална поставка во сегашните изложбени простории на Уметничката галерија Даут Пашин Амам. Но, притоа сакаме да ѝ укажеме на јавноста и на министерот дека националните институции треба да бидат резултат на стручни и јавни согледувања од кои ќе произлезат сите релевантни потреби за оформување на една ваква институција. Секакви парцијални решенија само ќе ја одолговлечат реализацијата за создавање на толку потребната институција – Национална галерија".

До највисоките државни институции преку своето обраќање Советот дава предлог за формирање фонд од чии средства ќе биде изграден монументален споменик на Македонија, – чија локација според него, би требало да биде пред зградата на Електростопанство на Македонија во Скопје.

Советот на асоцијациите од областа на културата смета дека со потегот на образовниот систем на нашата држава да се воведе веронаука, односно религијата да се изучува како задолжителен предмет, се врши своевидно насилство врз образовните институции, и посебно врз децата.

„Верувањето во Бога не се одбива, ниту се одзема со декрет, тоа треба да биде резултат на желбата и изборот на секоја слободна личност. Токму затоа сметаме дека веронауката треба да биде факултативен предмет во нашето образование. Со вакviот третман на религијата во иднина можат да се очекуваат изместувања во сферата на основните естетски вредности".

Јавното обраќање до министерот Димитар Димитров Советот го завршува со ставот дека македонскиот народ и неговите творци се потполно свесни за своето автохтоно, национално и творечко битие.

„Оттука илузорни се било какви обиди за „откривање" на нивните „вистински" историски корени. На прагот на идниот милениум македонската култура треба да се стреми кон експанзија во европски и светски рамки, а не да доживува регионализација со крајно непродуктивни и изнулени отповарувања" – се вели во обраќањето на Советот.